**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

# ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ЗА ПОМОШ НА БЕЗДОМНИЦИ, СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА И ПОЕДИНЦИ ЉУБЕЗНОСТ – СКОПЈЕ ВО 2020 ГОДИНА

Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност од Скопје кое е основано на 9.1.2015 година, во 2020 година го одбележа својот мал јубилеј од пет години постоење. И покрај предизвиците кои се појавија со појавата на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 и економската криза која ја следеше, ние и во оваа година продолживме со нашата континуирана работа во областа на социјалната заштита, давајќи им помош и други услуги за да им го подобриме животот на нашите крајни корисници - бездомните и социјално загрозените граѓани. Во оваа година нашето здружение се насочи кон вдомување бездомници и работен ангажман на граѓаните кои живеат во сиромаштија.

Наша визија е да бидеме најактивни чинители во процесот на ресоцијализација и реинтеграција на социјално загрозените лица во земјата.

Мисија ни е континуирана едукација, помош и поддршка на социјално загрозените лица во нивниот процес на реинтеграција.

Стратешки цели на Здружението се:

1. Хуманитарна помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци
2. Посета и помош на самохрани мајки и деца
3. Посета и помош на стари, изнемоштени и болни лица
4. Водење грижа за квалитетот на работата на своите членови и нивно постојано учество на собири во земјата и надвор од неа
5. Издавање публикации со кои се дава увид во работата на Здружението
6. Развивање соработка со сите слични здруженија во државата и надвор од неа.

Овие цели се остваруваат на следните начини:

1. Преку координирање на работата на членовите
2. Преку организирање на хуманитарни настани
3. Преку организирање семинари и работилници за членовите
4. Преку организирање едукативни предавања и доквалификација за крајните корисници
5. Преку соработка со домашни и странски здруженија кои имаат слични определби во своето работење и
6. Вршење и на други работи во согласност со овој Статут и Законите на Република Македонија

Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Во текот на календарската 2020 година Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност Скопје продолжи да се води од својата визија и својата мисија и сите спроведени активности беа усогласени со нив и беа насочени кон остварување на неговите стратешки цели.

Во оваа година нашето здружение забележа значаен организациски раст и развој, со тоа што се зголеми обемот на активностите кои беа спроведувани и во претходната 2019 година, а нашето работење се карактеризираше со концентрична диверзификација на активностите, односно се збогати со нови активности поврзани со оние од претходната година. Во оваа година Љубезност се збогати и со неколку нови вработени и волонтери (од кои дел се зајакнати социјално загрозени лица кои покажаа способност и волја да работат за нас), се зголеми и обемот на приходи од донации на здружението добиени од корпоративни донатори, применивме нови модели на прибирање средства, а успеавме да добиеме и два нови грантови од институционални донатори и со тоа да реализираме исто толку донаторски проекти. Во претходната 2019 година програмата Цивика мобилитас ни укажа доверба со доделување на институционална поддршка, која е прва од ваков тип која ја има добиено нашето здружение, а во 2020 година ние ја оправдавме нивната доверба со успешна имплементација на акцискиот план од институционалната поддршка и добивме нејзино продолжување за уште една година, заклучно со јуни 2021. Во оваа година продолжи да се зголемува и интензитетот на вмрежувањето, соработката со институциите, менторската поддршка и знаењето на нашите членови и вработени преку постојано обучување и стручно усовршување во разни области. Конечно, оваа година посветивме повеќе време и труд на видливоста и на комуникациските активности и со тоа придонесовме кон создавање на препознатлив и позитивен јавен имиџ на нашата организација.

Согласно статутот, со Љубезност раководи претседателот на здружението Тони Станковски и Извршниот одбор од пет члена во состав: Тони Станковски, Михајло Гурев, Македонка Аризанова, Игор Богатиноски и Дехран Хајдар. Под раководство на претседателот на здружението имаме програмски кадар и оперативен тим кој е во променлив состав кој одговара на моменталните потреби и можности на нашата организација.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## САМОСТОЈНИ АКТИВНОСТИ

1. **Топли оброци за бездомниците.** Традиционално, веќе седум години по ред, секоја сабота се делат топли оброци на бездомниците во Скопје на главната локација кај спомен домот на Мајка Тереза и на уште неколку локации во градот каде престојуваат бездомници. Во акцијата активно учество земаат компании (Адора, Жито Лукс и други), организации и граѓани како донатори на храна или како волонтери во подготовка на храната или во нејзината дистрибуција.

   Меѓутоа, поради неочекуваната криза со пандемијата на Ковид-19 оваа активност беше прилагодена на новонастанатите околности. Поради вонредната ситуација и забраната за собири, почнувајќи од средината на март, наместо готвена храна почнавме да бараме и да собираме конзервирана храна, начинот на делење на донациите на крајните корисници беше таков што не дозволуваше близок контакт помеѓу нив, а оброците се делеа поединечно на корисниците и се делеа од само двајца или тројца претставници на Љубезност. Во периодот на зголемување на ограничувањето на движење и воведувањето на целосен полициски час за време на викендите, поддршката на бездомниците ја реализиравме во три дена од неделата и тоа: во петок пред отпочнувањето на полицискиот час, детектирајќи ги бездомниците кои што секојдневно го менуваат местото на живеење, додека во сабота и недела, за време на полицискиот час, директно одевме на местата каде што привремено живеат или се засолнуваат бездомниците. По намалувањето на мерките за спречување на ширењето на КОВИД-19 постепено преминуваме кон повторно донирање топли оброци и готвена храна за бездомниците.

   Во текот на целата година во 52 саботи се поделени вкупно 11 509 топли оброци или во просек по 221,33 оброци седмично.

Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X



2. **Посети на социјално загрозени семејства во нивните домови.** Во текот на работните денови во најголемиот дел од 2020 година посетуввме социјално загрозени семејства и донираввме пакети со храна, облека и покуќнина. При посетите најпрво ги детектираме потребите на секое индивидуално семејство посебно и потоа од нашиот магацин земаме пакет со донации кои се најсоодветни за задоволување на овие потреби.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Најмалку два пати неделно во текот на 2020 година - секој вторник и четврток, а понекогаш и почесто, ги посетуваме домовите на нашите корисници – социјално загрозените семејства и поединци. Имаме развиено база на податоци на наши крајни корисници (социјално загрозени семејства - која постојано ја ажурираме и ја дополнуваме со нови потенцијални крајни корисници) од која ги одбираме семејствата кои ќе ги посетиме и претходно ги најавуваме посетите. Дополнително, преку социјални медиуми и директни контакти се запознаваме со потребите и со адресите или локациите на нови крајни корисници на кои им е потребна нашата помош. При посетите најпрво ги детектираме потребите на секое индивидуално семејство посебно и потоа од нашиот магацин земаме пакет со донации кои се најсоодветни за задоволување на овие потреби. При посетите на семејствата им се донираат материјални донации во храна, средства за хигиена, облека, обувки, постелнина, мебел и апарати за домаќинство. Во зависност од претходно евидентираните потреби на семејствата и поединците, имаме мобилен тим кој врши посети со претходно правење на маршрута на посети со цел оптимизација на рутите и намалување на трошоците за превоз.
Во нашите тимови за посети ангажиравме професионални социјални работници кои развиваат социјални анамнези на корисниците кои ги посетуваат, имаат системски и континуиран пристап кон проблемите кои ги имаат корисниците, им даваат психосоцијална поддршка и ги застапуваат пред државните институции во остварувањето на нивните права од областа на социјалната заштита и пошироко.
Во текот на 2020 година се направени социјални анамнези на 108 семејства. Дадени им се материјални донации на социјално загрозени семејства 1569 пати. Напоменуваме дека на некои од овие семејства им се дадени донации повеќе пати во годината.
Донирани се:

- 11 630 килограми разновидна храна,
- 1921,8 килограми средства за хигиена,
- 2652,75 килограми облека, 252 пара обувки,
- 440 пелени за деца,
- 286 килограми постелнина,
- 17 душеци,
- 81 парче мебел и
- 12 апарати за домаќинство.

Во 2020 година започнавме да донираме и лекови на оние на кои им се потребни. Во текот на годината се донирани лекови во вредност од 52 688 денари.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас



3. **Собирање донации во мебел, облека, постелнина, храна и средства за хигиена од домовите на граѓаните.** За да имаме донации за претходната активност, Љубезност во континуитет собира материјални донации од семејствата кои сакаат да донираат. Самите семејства не контактираат по телефон или преку Фејсбук страната на нашето здружение нудејќи да донираат мебел кој не им е потребен, вишок храна која ја имаат и слично. Периодично лепиме и плакати информирајќи ги граѓаните за оваа наша активност. Овие донации се подигаат од домовите на овие семејства од страна на мобилен тим на нашето здружение. Донациите потоа им се донираат на социјално загрозените семејства при нашите посети на нивните домови. Како логистика и за поврзување на подигањето и делењето донации имаме магацин каде се примаат, складираат, класифицираат и препакуваат материјалните донации за потоа да им се поделат на оние на кои им се потребни.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Поради пандемијата предизвикана од КОВИД-19 и потребата да го спречиме нејзиното ширење и да го заштитиме здравјето на нашиот тим и на нашите корисници, во 2020 година го намаливме интензитетот на собирање материјални донации од домовите на граѓаните. Затоа и добиените донации се во помал обем споредено со претходните години.

Од 147 посетени семејства се собрани следните количини:

- 947 килограми храна,
- 1442,65 килограми облека, 105 пара обувки,
- 10,35 килограми средства за хигиена,
- 113,7 килограми постелнина,
- 14 душеци,
- 48 парчиња мебел,
- 8 апарати за домаќинство,
- 158,9 килограми играчки,
- 317 новогодишни пакетчиња,
- 195 училишни прибори и
- 2500 килограми керамиди.



CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

4. **Сезонски собирни пунктови.** Секој октомври, традиционално организираме собирни пунктови на кои собираме облека, обувки, постелнина, средства за хигиена и храна. Овие донации во најголем дел се користат за грижа за бездомниците и социјално загрозените лица во текот на претстојната зима. Во 2020 година беа орaганизирани осум вакви пунктови, на четири локации во близина на маркетите Веро и Тинекс со кои имаме долгорочна соработка.
Во октомври 2020 имавме 23 сезонски собирни пунктови во Скопје, на локации во непосредна близина на маркетите Тинекс, Веро, КАМ, Кит Го и Општината Гази Баба. За потребите на собирните пунктови, претходно беа испечатени и залепени плакати, а на лице место беа делени информативни летоци. Како логистика и дополнување на активностите на пунктовите, имавме пренос и складирање на донациите, а имавме и претходно подготвен список на семејства и организации за брзо и ефикасно прераспределување и донирање на добиените материјални донации на пунктовите. На сезонските собирни пунктови од 267 граѓани беа собрани следниве количини на донации:
   - Храна: 1210,129 килограми,
   - Облека: 69,415 килограми,
   - Обувки: 8 пара,
   - Училишни прибори: 46 парчиња и
   - Средства за хигиена: 180,526 килограми.




CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

5. **Поддршка и посредување при вработување.** Во 2020 година, поради зголемувањето на невработеноста во нашата земја, ги интензивиравме напорите за вработување на нашите крајни корисници. Во текот на годината им дадовме поддршка при вработување на 50 лица на кои им се извршени 74 посредувања за вработување и им се изработени 25 работни биографии и две мотивациски писма. Со поддршка од Љубезност се вработени 6 наши крајни корисници.
6. **Програма за волонтери.** Како и претходните години, и оваа година продолживме со вклучување на сите категории на граѓани кои се заинтересирани да соработуваат со нас и на било каков начин да се вклучат во активностите на нашето здружение и да придонесат кон нашите цели. Нашата програма за волонтери, иако неформална, е сеопфатна и вклучува ангажирање на волонтери кои ги собираат донациите дадени од членови, граѓани и компании и нивно дистрибуирање до домовите на социјално загрозените семејства. Други волонтери се дологорчно ангажирани во магацинот на нашето здружение а трети во готвење и дистрибуција на седмичните топли оброци. Некои волонтери се ангажираат само повремено за еднократни активности или активности кои што се повторуваат, како што се лепење плакати и сезонски собирни пунктови. Дури и персоналот на нашето здружение кој е ангажиран по договор за дело повремено е вклучен во волонтерски активности. Накратко, волонтерите се клучен елемент и клучен ресурс во работењето на Љубезност, вклучени се во сите активности и области на работењето на здружението и без волонтери ние не би можеле да функционираме на начинот на кој што сега функционираме.



Во 2020 година во нашето здружение како волонтери беа ангажирани 28 лица и дополнителни 20 лица беа ангажирани по договори. Во текот на годината ЗГ Љубезност во секој момент имаше ангажирано просечно околу 20 лица.

7. **Граѓански ангажман.** Во нашето работење ние воведовме пракса на активно вклучување на нашите крајни корисници - бездомници и социјално загрозени лица во активностите на нашето здружение на различни начини. Меѓу другото, ние на подолг период ангажиравме пет бездомници во некои од нашите програмски активности како општи работници и работници во магацин за соодветен надомест. Тие претставуваат своевидна служба од корисници (peer service) која постојано е ангажирана во Љубезност. Задоволни сме од нивните постигнувања и имаме намера на истите луѓе во иднина да им обезбедиме траен работен ангажман, а планираме да вклучиме и други како нив.
8. **Вдомување.** Проблемот со бездомништвото трајно може да се реши единствено со програми за вдомување, бидејќи оваа категорија на граѓани во никој случај не е во состојба самата да го реши. Дури откако станбеното прашање ќе им биде решено, тие ќе можат да продолжат со процесот на ресоцијализација во општеството и да размислуваат за вработување. Во втората половина од 2020 година посредувавме за вдомување на 8 бездомни семејства со вкупно 20 лица во станбени објекти под закуп при што закупнината беше платена од буџетот на проектот и од други донатори. Успеавме да најдеме економичен станбен простор со ниски закупнини и поволни услови за живеење за неколку бездомни семејства и за бездомници – самци, за нив беа склучени договори за закуп со гаранција дека ЗГ Љубезност ќе ја плаќа закупнината и тие се вселија во станбените простории. Потоа нашите социјални работници редовно ги посетуваа вдомените бездомници и вршеа мониторинг на нивното домување со цел тие да стекнат соодветни хигиенски, станбени и домаќински навики и да го променат начинот на живот на подобро.
9. **Реновирање домови.** Поголемиот дел од социјално загрозените семејства живеат во руинирани домови каде немаат основни услови за живот. Ние сме во комуникација со поединци и претпријатија за да им помогнеме на овие луѓе во реновирањето на нивните домови или во изградбата на нови. Овие зафати бараат големи финансиски средства и наоѓање на претпријатија кои би ги извршиле градежните работи или кои би донирале пари или градежни материјали, а еден дел трошоците ги покривме со средства од проект финансиран од Владата на РСМ. Во периодот на спроведување на проектот набавивме градежни материјали во вредност од 130 258 денари и добивме учество во висина од 90 000 денари од други хуманитарни организации и од изведувачи за изградба и реновирање на домови. Дел од градежните материјали набавени со овие пари останаа неискористени но тие во текот на 2021 ќе се употребат за реновирање на домовите на други наши крајни корисници со кои сме во комуникација во времето кога е напишан овој извештај.

   Со финансии и со друг вид поддршка од Љубезност, во текот на 2020 година се реновирани четири домови на наши крајни корисници и е отпочнато со изградба на една нова семејна куќа.



10. **Донирање компјутери и училишни прибори.** Како последица на пандемијата од КОВИД-19 и последователното затворање на училиштата и организирање на онлајн настава, се појави неможност децата од социјално загрозените семејства да ја следат онлајн наставата поради недостиг од техничка опрема кај нивните семејства. Поради тоа, организиравме активност и објавивме апел за донирање компјутери за овие деца. Во ова ни помогнаа и претпријатието ЦМИкс и иницијативата Ways2Help. Добивме и донации во училишни прибори. До крајот на годината на деца од социјално загрозени семејства им беа донирани 23 лаптопи и персонални компјутери и 32 училишни прибори.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## ПАРТНЕРСКИ АКТИВНОСТИ

### Со здруженија

1. **Соработка со мрежата на Ајде Македонија – Сите сити** за донирање на вишок на храна од правни субјекти. Има иницијатива за формирање мрежа на хуманитарни организации под водство на асоцијацијата Ајде Македонија. Преку платформата Сите сити добивме донации од 760,5 килограми храна од маркетите ДМ.
2. **Покров од Струмица.** Љубезност во соработка со ХОПС му даваше помош и подршка на зависник од наркотици со лекување, храна, хигиенски средства и сместување. Во текот на годината во соработка со Покров зависникот е сместен во нивниот центар за лекување и рехабилитација.
3. **Ways2Help.** Во соработка со иницијативата Ways2Help отпочнавме активност на плаќање на заостанати сметки за електрична енергија со приоритет на оние социјално загрозени семејства на кои им е прекината доставата на електрична енергија. Детектираните семејства кои ги добиваме преку различни канали на комуникација ги посетуваме, ја проверуваме и потврдуваме нивната веродостојност и за оние за кои што е потврдено дека имаат проблем со редовно плаќање на овие сметки ги поставуваме на заедничка онлајн платформа, а Ways2Help ги објавува и бара потенцијални индивидуални и корпоративни донатори кои преку линк вршат електронско плаќање на посочените сметки. Заклучно со 31.12.2020 платена е 291 заостаната сметка со вкупен износ од 559.121 денар на 76 семејства кои живеат во сиромаштија. Ways2Help во текот на годината ни донираше и компјутери и училишен прибор за деца од социјално загрозени семејства.

### Со претпријатија

4. **Донирање новогодишни пакетчиња на деца од бездомни и социјално загрозени семејства.** Во јануари 2020 година беа поделени 1 604 пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства. Оваа активност ја реализиравме во соработка со Твитер заедницата, Грабит и Витаминка, иницијатива на група на мајки, други претпријатија, институции и индивидуални донатори. Беше изработена е-платформа дедомраз.мк каде што граѓаните електронски донираа пакетчиња, дел од собраните пакетиња Пост Експрес бесплатно ги доствување до домовите на децата, а другите ги доставија волонтерите на Љубезност.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Во декември 2020 започнавме со нов циклус на собирање и делење новогодишни пакетчиња со истите соработници. Беа собрани 2013 пакетчиња од кои 501 им беше поделено на деца од социјално загрозени семејства во текот на месецот, а преостанатите ќе бидат поделени во 2021.



Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

5. **Соработка со Интајлер Фимако (подоцна ребрендиран во Пауер Вју).** Оваа компанија во текот на годината ни донираше 225 000 денари кои беа наменети за набавка и донирање на пакети со храна, хигиенски средства и лекови и за покривање на трошоци за превоз.
6. **Соработка со компанијата ЦМИкс** во текот на целата година. Ова претпријатие ни дава редовни месечни парични донации во висина од 12 000 денари или вкупно 144 000 денари во текот на целата 2020 година. Овие донации служат за месечно финансирање за покривање на тековните трошоци поврзани со седмичните топли оброци за бездомниците. Покриени се трошоците за набавка на алуминиумски тањирчиња и друг прибор како и за транспорт и достава на оброците.



7. **Соработка со Жито Лукс.** Редовни неделни донации во леб за потребите на седмичните топли оброци за бездомниците во текот на целата година. Секоја сабота беа донирани по 100 леба.
8. **Соработка со Адора Инжинеринг.** Како и претходната година, добиваме редовни седмични донации од 25 оброци преку платен кетеринг.
9. **Соработка со Витаминка.** Во текот на 2020 ова претпријатие ни донираше храна во вредност од 228 171 денар. Оваа храна беше дадена при посетите на семејства кои живеат во сиромаштија и беше искористена при подготовка на седмичните топли оброци за бездомниците.
10. **„Рециклирај и донирај"** – Во соработка со компанијата Сунилeнс собираме отпадно масло за јадење од домаќинствата, а во замена донираме свежо сончогледово масло на сиромашните.
    Во текот на 2020 година се собрани 5797 литри отпадно масло за јадење и се донирани 679 литри свежо сончогледово масло а преку 2 000 граѓани се вклучиле во процесот на собирање отпадно масло.
11. **Соработка со Сунилeнс.** Редовни месечни донации од 32 литри масло за јадење или 384 литри за цела 2020 година.
12. **Поединечна соработка и донации од следните претпријатија:** Лајв ду, Мој воздух, Медика Про, Полар капе, Тинекс, Комерцијална банка, Интертек, Камел солар, Рудници Бањани, Ин виво, Кидчен МК и Јупитер дизајн.

**Со институции на централна и локална власт**

13. **Отпочната е реализацијата на заложбата на „Љубезност"** за создавање на Регистар на бездомници и сиромашни, во чие создавање главно место има нашето здружение, а под покровителство на Министерството за труд и социјална политика. Отпочнато е со активно внесување на податоци, вклучувајќи и други чинители како здруженија на граѓани, центри за социјална работа, општини и Државниот завод за статистика.
    Базата на Љубезност за 2020 година е комплетирана со внесени 624 семејства со 2194 лица. Во соработка со нашите партнери се изработени алатка во ексел и шаблон за внес на податоци кои треба да прераснат во самостојна апликација - софтверско решение на Регистарот на бездомници и социјално загрозени лица.
14. **Предложена заложба на „Љубезност"** за создавање на Регистер на движен и недвижен имот во државна сопственост, со цел тој да се стави на располагање како ресурс во реализирање на програми и проекти од областа на социјалната заштита, а посебно за вдомување бездомници.

15. **Проект за изградба на повеќенаменски центар во Скопје.** Во 2018 беше изработен и поднесен предлог проект за изградба на повеќенаменски центар за социјална и професионална реинтеграција до Амбасадата на САД во Скопје. Со проектот се предвидува изградба на објект на две нивоа од по 500 квадаратни метри со вредност од 360 000 евра. Центарот ќе биде во сопственост на Град Скопје а со него ќе управува Љубезност. Кон крајот на 2019 година проектот е одобрен од страна на Сенатот на САД. Во тек се преговори со единици на локалната самоуправа и други државни институции за добивање локација за градба на објектот.
16. **Волонтираме за солидарно општество.** Во текот на 2020 година канцеларијата на Претседателот на Република Северна Македонија ја отпочна оваа иницијатива за доделување хуманитарна помош како одговор на економската криза која ја проследи пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Една од партнерските организации кои беа избрани да учествуваат во оваа иницијатива беше токму Љубезност. Во рамките на „Волонтираме за солидарно општество“ претпријатијата Пекабеско, Даути комерц, Макпрогрес, Рудникот Саса, ЕВН Македонија, Тинекс, Алкалоид и други. Преку оваа иницијатива добивме 3904,65 килограми храна, 286,8 килограми средства за хигиена и 56,3 килограми облека.

**Со образовни институции**

17. **Соработка со Гимназијата Нова.** Три до четири пати во годината учениците и професорите организираат хуманитарни седмици во кои учениците, родителите и професорите донираат храна и средства за хигиена и исто така организираат готвење на храна во училиштето и сето тоа се насочува кон хуманитарни организации како Љубезност кои потоа им ги донираат на сиромашните. Во текот на 2020 година добивме 411,88 килограми разновидна храна од оваа гиманзија.

## ДОНАТОРСКИ ПРОЕКТИ

1. **Институционална поддршка од програмата Цивика мобилитас.** Почнувајќи од јули 2019 година Љубезност е институционален грантист на оваа програма од јули 2019 година, а институционалната поддршка за нашата организација е продолжена и за периодот јули 2020 – јуни 2021 година, со можност да биде продолжена и до јуни 2022 година. Во рамките на институционалната поддршка од програмата Цивика мобилитас е предвидена поддршка за следните активности на Љубезност:

1. Овозможувачко опкружување (околина) за граѓанското општество
   1.1. Придонес во градење граѓанско општество. Преку сопствени иницијативи за соработка со Владата и со министерствата релевантни за нашето здружение и преку активно учество во иницијативи на други чинители придонесуваме кон институционален развој и креирање овозможувачко опкружување за граѓанското општество во нашата држава.
      1.1.1. Учество во спроведувањето на Националната стратегија за развој на концептот едно општество – интеркултурализам на Владата на РСМ
      1.1.2. Реализација на прифатената заложба за изработка на регистар на бездомници и социјално загрозени лица и семејства од страна на Љубезност и Министерството за труд и социјална политика
      1.1.3. Лобирање за прифаќање на заложбата за создавање регистар на движен и недвижен имот во државна сопственост (централна и локална)
2. Граѓански ангажман
   2.1. Топол оброк за бездомниците на седмично ниво. секоја сабота се делат од 170 – 230 топли оброци на бездомниците во Скопје на неколку локации во градот. Во акцијата активно учество земаат компании, организации, студенти, ученици како волонтери во припрема на храната или на нејзина поделба.
   2.2. Посети, помош и поддршка на социјално загрозените семејства во нивните домови. во текот на работната седмица за време на цела година посета на социјално загрозени семејства и донирање на пакети со храна, облека и покуќнина. Во континуитет посетуваме повеќе од 250 семејства секоја година.
   2.3. Еколошка и хуманитарна активност „Рециклирај и донирај“. Во соработка со компанијата Сунилeнс собираме отпадно масло за јадење од домаќинствата, а во замена донираме свежо сончогледово масло на сиромашните. Во периодот мај 2017 – декември 2018 год. собрани се 2.800 кг отпадно масло за јадење и донирани 263 л. свежо сончогледово масло, 1,900 граѓани се вклучиле во процесот на собирање, а 457 граѓани минимум еднаш вратиле полна кантичка со отпадно масло.

2.4. Новогодишна и божиќна трпеза за бездомниците. Секоја година го собираме виокот храна од домаќинствата после новогодишната ноќ и после божиќните празнувања и таа храна ја делиме на бездомниците
2.5. Грижа за бездомниците во зимскиот период. Бездомните лица се најзагрозени во текот на зимата поради изложеност на студ, снег и дожд. Секоја година во октомври организираме собирни пунктови за прибирање материјални донации кои потоа ги донираме на бездомните лица во градот.
2.6. Новогодишни пакетчиња за деца од социјално загрозени семејства. Развиен е нов модел за собирање средства. Компанијата Грабит ја дизајнираше веб страната www.dedomraz.mk за потребите на овој модел. Тие направија и поврзување со новоотворената сметка за електронски донации на нашето здружение преку системот за електронско плаќање Касис и обезбедија логистичка поддршка. Постигнат е договор со Европа АД Скопје за да се купуваат новогодишни пакетчиња преку овој систем.
2.7. Магацинско работење. Добиените и набавените материјални донации се транспортираат до складот на нашето здружение каде овие стоки се распакуваат, селектираат и распоредуваат на соодветните места по видови донации за нивна полесна манипулација. Дополнителна складишна работа е потребна при распределбата и давањето на донациите на социјално загрозените семејства кога донациите се подигаат, се сложуваат и се пакуваат во пакети по што се подготвени за достава до корисниците на кои им се наменети.

3. Соработка
   3.1. Учество во платформи и мрежи и учество на настани од програмата Цивика мобилитас
   3.2. Соработка со други здруженија на граѓани од земјата и од странство
   3.3. Соработка со претпријатија
   3.4. Соработка со основни и средни училишта и факултети
4. Граѓанско учество
   4.1. Соработка со државни институции на централно и локално ниво и учество во нивната работа
   4.2. Учество во работната група за донесување на закон за донирање вишок храна
   4.3. Учество во донесувањето и мониторинг на спроведувањето на Законот за социјална заштита
5. Зајакнување на нашите конституенти, институционален развој и организациско јакнење
   5.1. Вдомување, ресоцијализација и реинтеграција на нашите конституенти. Настојуваме да се обезбедат услови за домување на семејства и поединци кои живеат на улица или во супстандардни услови. Исто така настојуваме да ги вработиме овие лица и да ги научиме на вештини корисни за нивните семејства и домаќинства
      5.1.1. Обезбедување средства за плаќање закупнина за вдомување
      5.1.2. Обезбедување и давање донации во храна, мебел, апарати за домаќинство, облека, постелнина и останата покуќнина

5.1.3. Работилници – обуки за зголемување на конкурентноста на пазарот на трудот – барање работа, изработка на работна биографија, мотивациско писмо и настап на интервју за вработување
5.1.4. Посредување при вработување
5.1.5. Психосоцијална поддршка од социјални работници и психолози
5.1.6. Советодавна и практична поддршка во управување со лични и семејни финансии
5.1.7. Советодавна поддршка за поголема енергетска ефикасност на домаќинствата

Покрај овие активности, институционалната поддршка вклучува и менторска поддршка и финансиска поддршка за организациски развој и за тековни трошоци на управувањето со организацијата.

До крајот на 2020 година Љубезност ги има остварено следните клучни постигнувања во рамките на институционалната поддршка од Цивика мобилитас:

1. Во рамки на реализацијата на заложбата за создавање на Регистар на бездомни и социјално загрозени лица, во склоп на досегашниот Акциски план во процесот на отворено владино партнерство, нашето здружение ја изработуваше својата локална база на податоци. Во базата на податоци на Љубезност за 2020 година се внесени вкупно 624 семејства со 2194 лица, а во периодот од 01.07 до 31.12.2020 се внесени 159 семејства со 676 лица. Базата на податоци ќе им овозможи на други здруженија полесен пристап до информации од јавен карактер за спомнатата категорија граѓани и ќе претставува алатка која ќе им овозможи основа за статистички анализи и истражувања за креирање јавни политики, но и ќе им овозможи полесно да стапат во контакт со тие лица и полесно да спроведуваат акции на терен насочени кон овие лица.
2. Од 01.07 до 31.12.2020 година мобилните тимови на Љубезност ги посетија домовите на 692 социјално загрозени семејства и 142 поединци на кои им се дадени донации во храна, облека, постелнина, мебел и средства за хигиена. Во тимовите за посети се вклучени пет бездомни лица кои се ангажирани како peer service која им помага на социјалните работници во давањето хуманитарна помош. Во декември 2020 година беа собрани 2123 новогодишни пакетчиња од кои им беше поделено 501 новогодишно пакетче на деца од социјално загрозени семејства. Новогодишните пакетчиња се добиени преку онлајн донации од граѓани и директни донации од претпријатија и институции. Во периодот на известување се поделени 6211 топли оброци на бездомници. Во активностите околу седмичните топли оброци за бездомници се вклучуваат разни категории на граѓани од различна социјална (бездомници, работници, пензионери, ученици, бизнисмени, граѓански активисти) и етничка припадност, дел преку донирање храна, а друг дел со волонтирање при собирањето, превозот и распределбата на оброците на корисниците. Во сите овие активности на нашето здружение во последните 6 месеци беа вклучени 28 волонтери и 20 лица ангажирани по договори.

3. Љубезност учествуваше во два меѓународни партнерски проекти. Заклучно со 30.09.2020 година, заедно со уште десет партнери од четири европски земји го спроведовме проектот „Социјална економија без граници" во чии рамки беа организирани студиски посети со состаноци за запознавање со социјалното претприемништво и за можностите за негова примена во Северна Македонија. Во рамките на меѓународниот проект „Обновување на соништата за справување со осаменоста" беа реализирани контакти со крајни корисници за практично користење на претходно развиените алатки за поддршка на нашите клиенти во справувањето со осаменоста, беа спроведени комуникациски активности – објави на Фејсбук, Твитер и ЛинкедИн, беа напишани стории за нашите крајни корисници, беа одржани четири транснационални состаноци со партнерите од шест други европски земји и беше спроведено истражување преку анкетирање на нашите вработени и крајни корисници. Со поддршка од платформата Ways2Help, успеавме да платиме 291 заостаната сметка со вкупен износ од 559.121 денар на 76 семејства кои живеат во сиромаштија. Во втората половина од 2020 година Љубезност им донираше 23 компјутери и 110 училишни прибори на деца од социјално загрозени семејства. Овие донации се добиени од Ways2Help, од претпријатија и од индивидуални донатори.
4. На нашите корисници им ги обезбедуваме следните услуги: психосоцијална поддршка од социјални работници и психолози, изработка на социјални анамнези за секое семејство, советодавна, практична поддршка во управувањето со лични и семејни финансии, поддршка и посредување при вработување и привремено вдомување. Од 01.07 до 31.12.2020 година со посредување на Љубезност се вработени шест наши крајни корисници. За тоа време сме дале поддршка за вработување на 45 лица. Истовремено, со поддршка од Генералниот секретаријат на Владата на РСМ нашето здружение вдоми 8 бездомни семејства и поединци со вкупно 20 лица. Овие бездомници се привремено вдомени во објекти под закуп. Имаме обезбедено средства од претпријатија за вдомување на овие граѓани и во наредниот период.

Вкупните реализирани трошоци покриени со институционалната поддршка во 2020 година изнесуваа 1 492 556 денари.

2. **„Мобилизација на заедницата во борба против гладот"** е проект кој е дел од шемата за регрантирање во рамките на мрежата - проект на Банка за храна – ВСС Ефект, а е финансиран од програмата за предпристапна помош (ИПА) на Европската Унија. Проектот е спроведен во периодот август 2019 – февруари 2020 година. Основна цел е да се развие граѓанскиот активизам и општествената одговорност во насока на промовирање на банкарството за храна како решение за намалување на сиромаштијата и заштитата на животната средина. Во проектот се вклучени следните активности:

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

1. Мапирање на компании, мрежи на маркети, мали и средни претпријатија на територијата на Град Скопје
2. Дефинирање модели за поддршка наменети за компаниите
3. Промовирање дијалог и соработка со други здруженија, асоцијации и мрежи
4. Застапување и лобирање
5. Видливост и комуникација со разни чинители и
6. Организирање панел дискусија за промоција на ВСС Ефект и Мобилизација на заедницата во борбата против гладот




CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

До завршувањето на проектот на 28.02.2020 година се постигнати следните резултати:

1. Развој на воспоставениот систем за донирање на вишокот храна во нашата земја. Во периодот на известување имаме добиено донации во храна од 11 компании, со кои имаме остварено и повеќе состаноци и средби.
2. Намалување на количината на храна која се фрла во депониите. Како резултат на нашите активности, во периодот на известување имаме добиено донации во вишок храна во количина од 1934 килограми. Најголемиот дел од оваа храна е добиена од угостителски компании и од организатори на одржани настани. Оваа количина на храна, доколку не беше донирана ќе завршеше на депониите.
3. Вишокот на храна од 1934 килограми, спомнат во резултатот 2, во целост и навремено беше дониран на бездомници и на социјално загрозени граѓани. Со ова се придонесува кон искоренување на гладот и намалување на сиромаштијата во нашето општество.
4. Зголемување на јавната свест за граѓанската вклученост во банкарството со храна како алатка за намалување на сиромаштијата. Според статистичките податоци од социјалните медиуми, нашите објави до сега имаат максимален досег до 10 000 – 15 000 луѓе.

Реализираниот буџет на проектот изнесува 341.259 денари.

3. **„Мобилизација на граѓанството и локалните заедници за подршка и помош на бездомниците и социјално загрозените во 2020“** во соработка со Град Скопје. Овој проект го реализиравме во периодот од 01.03 до 30.09.2020 година со финансиска поддршка од Градот Скопје. Вкупниот реализиран буџет на проектот изнесуваше 400 000 денари.
   Цел на проектот беше да се поттикне граѓанскиот активизам, да се вклучат локалната самоуправа, медиумите и компаниите во активности за помош и подршка на бездомниците и социјално загрозените во текот на 2020 година.

Спроведени проектни активности:

1. Топол оброк за бездомниците на седмично ниво
2. Секојдневна грижа за бездомниците и
3. Посети, помош и поддршка на социјално загрозени семејства во нивните домови

Постигнати резултати:

2. Од донаторите беа добиени следните прехранбени продукти за подготвување топли оброци:
   - од Ретвитни оброк 155 оброци
   - од Адора инжинеринг 650 оброци и 650 леба
   - од граѓани како поединци 725 оброци и 124 леба.

- од Жито Лукс 1505 леба
- од Сите Сити 92 слатки и 400 килограми разна храна
- од сопствени средства на ЗГ Љубезност се направени 305 оброци и се набавени 520 леба
- од Фуд Технолоџи 120 оброци и 864 лименки со месен нарезок
- од Макстил 200 оброци и 200 леба
- од Тинекс маркети 173 оброци и 119,6 килограми друга храна
- од парични донации добиени од компании се набавени 1403 парчиња конзервирана храна
- од Здружение Надеж 200 леба
- од Мој воздух 140 оброци
- од Ways 2 help 169 оброци и
- волонтерите на ЗГ Љубезност имаат направено 184 оброци
- помали количини храна се добиени од повеќе други организации.

3. Во текот на 26 саботи на бездомниците и на социјално загрозените лица им беа поделени вкупно 4685 оброци, 3199 леба и 1393,6 килограми друга храна или вкупно околу 5000 килограми храна.
4. Дел од средствата добиени од грантот за овој проект кои останаа неискористени на крајот од проектот беа пренаменети за набавка на 15 гајби за леб и 5 гајби за друга храна и истите во иднина ќе се користат при транспорт на седмичните оброци за бездомниците.
5. На бездомници и социјално загрозени семејства и поединци им се донирани:
   - 6115,11 килограми храна
   - 1345,8 килограми средства за хигиена
   - 1444,7 килограми облека
   - 68 пара обувки
   - 84,35 килограми постелнина
   - 9 парчиња мебел и
   - 3 апарати за домаќинство.
6. Овие материјални средства им се донирани на вкупно 723 семејства и 120 поединци. За делење на овие донации од страна на нашиот персонал се одработени вкупно 235 работни денови.
7. Истовремено од 31 домаќинство се добиени следните материјални донации:
   - 369,45 килограми храна (овде не е вклучена храната добиена за седмичните топли оброци за бездомниците)
   - 733,6 килограми облека
   - 15 пара обувки
   - 61,35 килограми постелнина
   - 3 душеци
   - 257 пара ракавици

- 27 килограми играчки
- 15 парчиња мебел и
- 8 апарати за домаќинство

8. Од 28 организации ги имаме добиено следните материјални донации:
   - 1775 килограми брашно
   - 494,5 килограми масло за јадење
   - 190,95 килограми конзервирана храна
   - 846 кашички и 360 бебешки сокови
   - 336 килограми чоколади
   - 76,5 килограми смоки
   - 387 килограми напиток во прав
   - 2630,79 килограми друга храна
   - 268,4 килограми облека и
   - 537,6 килограми средства за хигиена
9. Надвор од саботните оброци, во другите денови од седмицата, на бездомници и на социјално загрозени лица на повеќе локации во Градот Скопје им беа поделени дополнителни 377 оброци составени главно од конзервирана храна.
10. За време на првите месеци од времетраењето на проектот, кога имаше полициски час и забрана за движење, организиравме патролни обиколки на кои ги посетувавме бездомниците во градот. Успешно се спроведени 29 патролни обиколки со вкупно времетраење од 116 работни часови во текот на април и мај. Притоа се контактирани поголем број бездомници, секој по повеќе пати, и на нив им е дадена помош во храна и средства за хигиена.
11. Дополнително, дел од средствата добиени од грантот за овој проект кои останаа неискористени на крајот од проектот беа пренаменети за набавка на заштитни средства и со нив се купени 250 заштитни маски, 350 пара заштитни ракавици и 21 пакување гел за дезинфекција. Овие заштитни средства се наменети за бездомниците, дел од нив веќе им се поделени, а преостанатите ќе им ги делиме во иднина.

4. **„Restoring dreams to tackle loneliness"** – Обновување на соништата за справување со осаменоста е меѓународен истражувачки проект заедно кој нашето здружение го спроведува заедно со партнери од Холандија, Шпанија, Франција, Унгарија, Чешка и Белгија. Проектот е финансиран од програмата Ерасмус плус на Европската Унија. Проектот се спроведува во периодот од септември 2018 до август 2021 година.

Потреби кои ги адресира проектот:

- Недостиг од знаење и информации за разбирање на феноменот на осаменост
- Недостиг од обуки за социјални работници во врска со осаменоста и
- Недостиг од методи и алатки за справување со осаменоста

Специфични цели:

- Да се збогати понудата на бесплатни алатки кои придонесуваат кон професионален развој на социјалните работници на полето на осаменоста
- Да се создаде долгорочна програма за обуки на возрасни ученици и да се изврши евалуација на конечните резултати
- Да се користат компјутерски алатки за да се фацилитаира ангажманот на вработените со возрсни ученици
- Да се зголеми нивото на дигитални вештини кај возрасните ученици и да се охрабрат истите да користат повеќе дигитални алатки
- Да се промовираат модули и алатки за обуки кај професионалците кои работат на терен на национално и на меѓународно ниво.

Целна група се социјалните работници и другите професионалци вработени во организациите партнери, а крајни корисници на акцијата се возрасните ученици кои се дел од од проектот "Housing first" и останатите бездомници кои се борат со осаменоста.

Активности:

1. Лонгнитудинално истражување кое се спроведува преку анкетирање на работниците и на клиентите во две точки на мерење
2. Изработка на модули за обуки и сет на алатки за справување со осаменоста
3. Обука на социјалните работници за запознавање со модулите и алатките за справување со осаменоста
4. Дисеминација на информации и видливост
5. Настан за мултипликација

Очекувани резултати:

1. Изработени модули за обуки за профеионалците да научат за феноменот на осаменост и за иновативни методи за спрвување со овој проблем
2. Сет на алатки за со методи и активности за иновативно справување со осаменоста кај клиентите
3. Развивање онлајн Веб платформа како заеднички простор кој професионалците ќе го користат за споделување, учење и взаемна поддршка во справувањето со осаменоста
4. Извештај за влијанието после шест месеци користење на новата методологија

Вкупниот буџет на проектот изнесува 179 773 евра, од кои за Љубезност се предвидени 14 502 евра.

5. **"Social economy without borders".** „Социјална економија без граници" е меѓународен проект финансиран од Вишеградскиот фонд а е спроведуван во партнерство со Фондацијата Барка од Полска и уште осум партнери од Северна Македонија, Чешка и Унгарија.
   Период на спроведување: 15 месеци – од јули 2019 до септември 2020 година (продолжен поради пандемијата)
   Цел на проектот е создавање социјални претријатија и центри за професионална реинтеграција од страна на здруженијата партнери во проектот.
   Потреба од проектот: Земјите пертнери имаат недостиг од екосистем за социјално претприемништво и потреба од зајакнување на социјалните претпријатија како начини за борба против општествената исклученост и пасивниот систем на социјални политики. Тоа ќе послужи за размена на добри практики, запознавање со можностите за финансирање и создавање соработка наместо конкуренција помеѓу локалните партнери.
   Целни групи се граѓанските организации, локалната самоуправа, министерствата и високообразовните институции, а крајни корисници кои ќе бидат поддржани во поглед на општествената и професионалната реинтеграција се бездомниците, лицата со попреченост, зависниците, невработените и малцинствата како Ромите.

   Активности:
   1. Четиридневно практикантство и семинар во Полска и тоа во градовите Познањ, Чуждобжице, Кробиа, Гостин и Владиславово
   2. Семинар во Скопје, Северна Македонија
   3. Семинар во Прага, Чешка
   4. Семинар во Ревфулоп, Унгарија
   5. Завршна конференција во Познањ, Полска.

   Очекуван резултат: Државите ќе имаат корист од проектот преку учење едни од други за различните модели на социјални претпријатија и за екосистемот на социјално претприемништво, од аспекти на партнерства, јавни набавки и финансиски алатки.
   Вкупен буџет на проектот: 35 480 евра.

6. **Акција за помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените граѓани во услови на криза со пандемијата на КОВИД 19.** Проектот е финансиран од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и е спроведен во периодот од 01.07 до 31.12.2020 година. Реализираниот буџет на проектот изнесува 777.492 денари.
   Цел на проектот е да им се даде помош и поддршка на бездомниците и на социјално загрозените семејства и поединци во справувањето со кризата предизвикана од пандемијата на КОВИД 19.

Проектни активности:

1. Обезбедување хуманитарна помош на бездомници и на социјално загрозени семејства

1.1. Набавка и обезбедување на хуманитарна помош. Дел од храната, средствата за хигиена и лековите ќе ги набавиме со средства од буџетот на проектот, а друг дел ќе добиеме како донации од претпријатија и граѓани. Што се однесува до другите видови материјални донации, нив ќе ги обезбедиме или веќе ги имаме обезбедено од други извори.

1.2. Складирање и дистрибуција на хуманитарната помош. Добиените и набавените материјални донации ги транспортираме до складот на нашето здружение каде тие се сортираат, класифицираат и препакуваат во кеси или пакети и на таков начин се подготвуваат за донирање на нашите крајни корисници.

1.3. Донирање на хуманитарна помош. Подготвените донации се предаваат на нашиот тим за достава, составен од возач, социјални работници и соработници за транспорт, кои се бездомни лица. Тие со товарно возило во оптимизирани тури ги делат донациите на нашите крајни корисници.

2. Ресоцијализација и реинтеграција

2.1. Психосоцијална поддршка. Нашето здружение има тим од социјални работници кои им нудат лепеза на професионални услуги на нашите клиенти.

2.2. Поддршка за вработување на нашите крајни корисници. Ние сметаме дека е многу битно нашите крајни корисници економски да се активираат и да станат самоодржливи, а не трајно да се потпираат на поддршката од институции и здруженија од областа на социјалната заштита. Во услови на криза кога се зголемува бројот на невработени лица од суштинско значење е да им дадеме секаква помош за тие да се вработат.

2.3. Поддршка во отпочнување на домашен бизнис со земјоделство на крајните корисници од руралните средини. Во услови на криза се јавува потребата од сопствено производство на храна како алтернатива на купувањето храна за задоволување на сопствените потреби. Планираме да им донираме семиња од градинарски зеленчук, зачински билки и садници на ранливите категории граѓани кои не можат да си дозволат да ги купат истите, а со кои тие би се вклучиле во самостојно производство на храна со можност и за продажба на вишокот од приносите и отпочнување на сопствен бизнис, со можност за стручна поддршка од соодветно земјоделско здружение. На овие корисници ќе им донираме и заштитни маски и ракавици.

2.4. Обуки за управување со домашни финансии. Нашите вработени се подготвени да им дадат индивидуални обуки и практични совети на сите заинтересирани за тоа како да го рационализираат трошењето и како полесно да преживеат со ограничен семеен буџет

3. Вдомување и обезбедување основни услови за живот на најзагрозените

3.1. Реновирање и изградба на домови. Поголемиот дел од социјално загрозените семејства живеат во руинирани домови каде немаат основни услови за живот. Ние сме во комуникација со поединци и претпријатија за да им помогнеме на овие луѓе во реновирањето на нивните домови или во изградбата на нови. Сепак, овие зафати бараат големи финансиски средства и наоѓање на

претпријатија кои би ги извршиле градежните
работи или кои би донирале пари или градежни материјали, а еден дел планираме да го покриеме со средства од овој проект.

3.2. Вдомување во објекти под закуп. Проблемот со бездомништвото трајно може да се реши единствено со програми за вдомување, бидејќи оваа категорија на граѓани во никој случај не е во состојба самата да го реши. Дури откако станбеното прашање ќе им биде решено, тие ќе можат да продолжат со процесот на ресоцијализација во општеството и да размислуваат за вработување. Ќе посредуваме за вдомување на неколку бездомни лица во станбени објекти под закуп при што закупнината ќе биде платена од средства од проектот и од други извори. Потоа ќе вршиме мониторинг на нивното домување со цел нашите крајни корисници да стекнат соодветни навики и да го променат начинот на живот на подобро.

4. Комуникациски и информативни активности

4.1. Информирање на граѓаните за заштита од Ковид 19. Преку повеќе канали на комуникација ќе ја информираме јавноста, а пред се нашите крајни корисници за опасностите од пандемијата на КОВИД-19 и за мерките и препораките на државните и здравствените институции за спречување на ширењето на оваа болест

4.2. Промовирање на локално производство на храна на нашите крајни корисници.

4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани

4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение

Постигнати резултати:

1. Во текот на периодот за известување од буџетот на проектот се набавени 1619,685 килограми храна за кои се потрошени 65.854 денари и 501,27 килограми средства за хигиена за кои се потрошени 20.213 денари. Набавени се и лекови во вредност од 22.063 денари. Од претпријатија и други организации се добиени донации од 1005,5 литри масло за јадење, 3773,91 килограми друга храна, 350,45 килограми облека и 143,452 килограми средства за хигиена. Истовремено од домовите на домаќинствата се собрани 946,965 килограми храна, 1442.65 килограми облека и 10,35 килограми средства за хигиена.

1.1. Донирана е хуманитарна помош на 692 бездомни и социјално загрозени семејства и на 100 поединци

1.2. Донирани се 5372,9 килограми храна

1.3. Донирани се 608,4 килограми средства за хигиена

1.4. Донирани се лекови во вредност од 30757 денари

1.5. Донирани се 1590,7 килограми облека

1.6. Донирани се 131,1 килограми постелнина

1.7. Донирани се 32 парчиња мебел

1.8. Донирани се 8 апарати за домаќинство

Како дополнителни вредности на овој проект, кои не беа наведени во проектната апликација, а кои подоцна беа реализирани ад хок и придонесуваат кон општата цел ги наведуваме плаќањето сметки за електрична енергија во вкупен износ од 559.121 денар на 76 социјално загрозени лица, донирањето 23 компјутери и 110 училишни прибори на деца кои живеат во сиромаштија за да можат непречено да следат онлајн настава и донирање 501 новогодишно пакетче на деца кои живеат во сиромаштија на крајот на декември.

2.1. Посетени се 792 семејства на кои им е дадена психосоцијална поддршка од нашите социјални работници

2.2. Направени се социјални анамнези на 159 нови семејства со 676 лица

За резултатите 2.3 и 2.4 немаме да пријавиме напредок во нивното постигнување.

2.5. Изработени се 25 работни биографии и 2 мотивациски писма за нашите крајни корисници

2.6. Посредувано е при вработување на 45 крајни корисници

2.7. Донирани се 680 пакувања со семиња и 227 садници

2.8. Донирани се семиња и садници на 250 семејства

2.9. Донирани се 1100 заштитни маски и 1000 пара ракавици на бездомници и на социјално загрозени семејства.

2.10. Донирани им се заштитни маски и ракавици на 500 бездомници и на 250 социјално загрозени семејства

3.1. Реновирани се четири домови на крајни корисници

3.2. Обезбедени се донации за изградба на домови во Врапче и Пинтија во висина од 90 000 денари

3.3. Отпочнато е со изградба на дом на едно семејство

3.4. Во објекти под закуп платени од ЗГ Љубезност се вдомени 8 бездомни семејства со вкупно 20 члена.

4.1. Преку директни контакти со нашите социјални работници и волонтери за мерките и препораките за заштита од Ковид 19 се информирани 750 бездомници и 250 социјално загрозени семејства. Напишани се и десетина објави на нашата Фејсбук страна во кои се наведени мерките за заштита од ширењето на КОВИД 19 со максимален опфат од 1746 лица.

4.2. Поделени се 1000 информативни летоци за мерките и препораките за заштита од Ковид 19

4.3. Во разни медиуми се објавени 7 статии за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат бездомните и социјално загрозените лица и начините на кое нашето здружение се обидува да ги реши. Дополнително, ние на Фејсбук, Инстаграм и Твитер имавме преку 70 објави на оваа тема. Објави за работата на Љубезност имаше и на Фејсбук страните на Претседателот на Републиката, на Општината Гази Баба и на неколку претпријатија

4.4. На Фејсбук страната на нашето здружение се објавени 84 статии поврзани со овој проект со максимален опфат од 41.222 посетители

4.5. Објавени се 12 спонзорирани објави на социјалните медиуми за видливост на нашите активности.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## УЧЕСТВО НА НАСТАНИ И РАБОТНИ ГРУПИ И ВМРЕЖУВАЊЕ

1. **Вмрежување** со други иницијативи за готвење храна за бездомници, асоцијации на студенти, платформи за донирање на храна, институции од локална самоуправа, институции од централна власт, други здруженија, маркети, компании и секојдневни дирекни контакти со граѓаните.
2. **Во рамките на процесот на Партнерство за отворени власти (поранешно Отворено владино партнерство)** Љубезност е дел од Иницијативниот одбор на Мрежа на граѓански организации и од процесот за донесување на новиот Национален акциски план на Отворено владино партнерство за периодот 2021 – 2023 година.




CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

3. **Учество на 222 состаноци и други настани** во текот на календарската 2020 година на кои присуствувале и претставници на други граѓански организации, централна и локална власт, претпријатија, странски претставништва и меѓународни организации.
4. **Во декември 2019 започнавме, а во текот на 2020 година ја продолживме соработката со Националниот младински совет на Македонија во рамките на нивниот проект Млади хаб** за учество на учесници на нивни обуки како практиканти определен број на часови да бидат работно ангажирани во активностите на Љубезност.
5. **Во текот на 2020 година потпишавме меморандуми за соработка** со Претседателот на Република Северна Македонија и со десет граѓански организации.

## МЕДИУМИ

Активностите на Здружението на граѓани Љубезност во текот на 2020 година повеќепати беа објавувани во печатени, електронски и интернет медиуми, а наши членови имаа неколку гостувања во телевизиски емисии и тоа:

7. На 17 март Тони Станковски имаше гостување на Утринската програма на Сител на тема „Хуманитарните активности на Љубезност во новите околности со Корона вирусот“
8. На 8 април Тони Станковски имаше гостување на Утринската програма на Македонската Радио Телевизија на тема „Активности на Љубезност во време на пандемија“
9. На 11 мај Ивана Михајловска, Тони Станковски и Ајнур Демиров имаа гостување на Утринската програма на Телевизија Сител на која зборуваа за активностите на Љубезност за време на пандемијата
10. На 24 јуни Тони Станковски имаше гостување на Утринската програма на Слободна ТВ на тема „Хуманоста во период на пандемија“
11. Статија за Љубезност со наслов „Храна за бездомниците“ во вонредниот билтен број 1 на Цивика мобилитас
12. Статија за Љубезност со наслов „Превоз“ во вонредниот билтен број 4 на Цивика мобилитас
13. На 6 јули Тони Станковски имаше интервју преку електронска пошта за весникот Вечер околу активностите на Љубезност во услови на пандемијата од КОВИД-19
14. На 4 август Тони Станковски имаше прилог на Телевизија АЛФА на која зборуваше за активностите на Љубезност во услови на пандемијата од КОВИД-19
15. На 12 август Тони Станковски, Весна Станковска и Моника Чекаловиќ беа гости во емисијата Тунел
16. На 14 август Тони Станковски имаше интервју за весникот Вечер за изградба на куќа за семејството Џајковиќ

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

17. На 14 октомври Тони Станковски учествуваше на утринската програма на Македонското радио на која зборуваше за сезонските собирни пунктови и другите тековни активности на ЗГ Љубезност
18. На 22 октомври Тони Станковски и Игор Богатиноски учествуваа на утринската програма на ТВ Сител на која зборуваше за сезонските собирни пунктови и другите тековни активности на ЗГ Љубезност
19. На 2 ноември Тони Станковски учествуваше на утринската програма на МРТВ1 на која зборуваше за тековните активности на ЗГ Љубезност
20. На 3 ноември имаше статија за Љубезност во неделникот Фокус со наслов „Пандемијата ги оставила без работа, животот на цедило – хуманитарна акција за плаќање на туѓи сметки"
21. На 6 ноември Тони Станковски учествуваше на утринската програма на Слободна ТВ на која зборуваше за активностите на Љубезност за сезонски собирни пунктови и вдомување бездомници.
22. На 11 ноември Тони Станковски имаше интервју за веб порталот ММС по повод Светскиот ден на љубезноста 13 ноември
23. На 30 декември Тони Станковски учествуваше на утринската емисија на Алфа ТВ на која зборуваше за тековните активности на ЗГ Љубезност.



CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

# ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2021 ГОДИНА

1. Подготовка на предлог проекти за аплицирање на јавни повици за грантови од МЦМС, Град Скопје, Цивика Мобилитас, Вишеградски фонд и други институционални донатори.
2. Продолжување со спроведувањето на проектот „Housing first exchange project" и „Враќање на соништата за справување со осаменоста" и на институционалната поддршка од Цивика мобилитас и нивно успешно завршување во текот на 2021 година.
3. Продолжување на соработката и финансиската поддршка од Град Скопје во текот на 2021 година.
4. Продлабочување на соработката со постојните партнерски здруженија, институции и претпријатија (Сунилено, Жито Лукс, Конект, МТСП, Црвен Крст, Здружение Доблест, Здружение Доверба, Порака Неготино, Проект Среќа, Ајде Македонија, Сите сити, Арно, Го Грин, Ретвитни Оброк, МЗТ Пумпи, Волонтерски Центар Скопје, Грабит, Билборд МК, Тајм Сејвер, Дневен Центар Шуто Оризари, Мрдни со прст, Амберела, ЈУ МЦСР Скопје, ЦМИкс, Адора Инженеринг, Амбасада на САД, ХАЦ Македонија, Гимназија Нова, Гимназија Никола Карев, Здружение Св. Спас, АДРА Македонија, Ин виво, Покров и останатите).
5. Отпочнување соработка со нови партнерски здруженија, институции и претпријатија во 2021 година
6. Наоѓање нови начини за прибирање средства од индивидуални донатори – граѓани.
7. Сезонско собирање на донации за бездомници и социјално загрозени семејства преку собирни пунктови и од домовите на граѓаните во есента 2021 година.
8. Донирање пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители во зимата 2021/2022 година.
9. Зголемување на обемот на сите други самостојни активности кои ги имавме во 2020 година и прераснување на пилот активностите како што се управување со лични финансии и вдомување во постојани активности.
10. Изградба и отворање на Центар за социјална и професионална реинтеграција во партнерство со Град Скопје и Амбасадата на САД.
11. Продолжување со и зголемување на бројот на претпријатија во посредувањето при вработување социјално загрозени лица.
12. Спроведување на обуки за личен раст и развој.
13. Учество на обуки за градење на капацитетите на здружението.
14. Воведување нови внатрешни правила и процедури во работењето на нашето здружение.
15. Самостојно аплицирање на европски проекти за програмите ИПА 2 и Ерасмус плус.
16. Собирање и размена на искуства со партнерски организации од земјите од Европа.
17. Програма за вдомување под покровителство на Министерството за труд и социјална политика на Австрија и под лидерство на граѓанска организација од Австрија.

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X




Скопје, 02.02.2021 година

ЗГ Љубезност

| | |
|---|---|
| Изработил | Одобрил |
| Димитар Илчов | Тони Станковски |
| _______________ | ________________ |

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас